Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 25 февруари 2020 година**

**Скопје, февруари 2020 година**
**З А П И С Н И К**
**од Единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 февруари 2020 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Елизабета Наумовска, заменик на министерот за образование и наука, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика и Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**-Усвојување на Записник од 8-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 февруари 2020 година**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Ажуриран придонес (втор дел од придонесот) на Република Северна Македонија кон годишниот Извештај на Европската комисија
- Записник од Првата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 24 февруари 2020 година
- Информација за спроведување на проект Мултиетнички центар за третман на деца со аутизам АДХД и Аспергеров синдром во Тетово

*

*    *

**1.** Информација со Правилник за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери и Тарифник за утврдување на висина на надоместок на Комисијата за разгледување и избор за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери, со Предлог – одлука

**2.** Годишен извештај за работата на Одборот на Национална рамка на квалификации за 2019 година

**3.** Информација за добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог – одлука

**4.** Информација за текот на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки

5. Информација по одржување на состанокот за ПЕМ Конвенцијата, одржан на 5-ти февруари 2020 година во Брисел

6. Информација за подготовка на Шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, 17 март 2020 година, Брисел

7. Извештај за работата на Советот за статистика на Република Македонија за периодот јуни – декември 2019 година

8. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 67014 за КО Маџари, на КП 1363, викано место/улица Вера Радисављевиќ

9. Понуда од нотар Владимир Голубовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 83679, за КО Ѓорче Петров 5 - Лепенец и Имотен лист бр. 84248, за КО Ѓорче Петров 5 - Лепенец, на КП бр. 1634

10. Кадровски прашања

11. Прашања и предлози

12. Извештај за работата на Државниот испитен центар за 2019 година, со Финансиски извештај за 2019 година

13. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, во периодот од 1 октомври до 31 декември 2019 година

14. Извештај за работата на Централниот регистар на Република Северна Македонија, за 2018 година

15. Полугодишен извештај за реализацијата на кредитната линија за микро, мали и средни претпријатија со дејност од областа на земјоделство (кредити од компензациони фондови)

16. Полугодишен извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), структурата по банки - учеснички, како и состојбата на салдото, со дополнувањето

17. Годишен извештај за реализација на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2019 година

18. Тримесечен извештај за финансиското работење на ЈП за водостопанство Лисиче-Велес, за периодот октомври-декември 2019 година

19. Тримесечен финансиски извештај на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-Берза - Скопје за периодот октомври-декември 2019 година, со дополнувањето кон него

20. Извештај за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2018 година

21. Информација за Мешовитиот комитет на ЦЕФТА во 2019 година

22. Извештај за реализација на програмата за субвенционирање на дел од трошоците за купување и вградување на уред за погон на тнг, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата за 2019 година

23. Извештај со финансиски показатели за реализирани буџетски средства предвидени со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектни документации за 2019 година во Република Македонија

24. Предлог - одлука за основање на Културно-информативен центар на Република Северна Македонија во Република Албанија

25. Информација за оставинската постапка на оставителот Есма Реџепова Теодосиевска од Скопје

26. Информација за Стратегија за реформа на даночниот систем (2020 – 2023)

*

*    *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 8-та седница на Република Северна Македонија, одржана на 9 февруари 2020 година.

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

*

*    *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Ажуриран придонес (втор дел од придонесот) на Република Северна Македонија кон годишниот Извештај на Европската комисија**

  Владата го разгледа Ажурираниот придонес (втор дел од придонесот) на Република Северна Македонија кон Годишниот извештај на Европската комисија и го усвои со следниот заклучок:

  - Се задолжува Секретаријатот за европски прашања веднаш да го достави Ажурираниот придонес (втор дел од придонесот) на Република Северна Македонија кон Годишниот извештај на Европската комисија до Европската комисија.

- **Записник од Првата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 24 февруари 2020 година**

Владата по Записникот од Првата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 24 февруари 2020 година ги донесе следниве заклучоци:

1. Министерството за здравство да формира постојан центар за информирање на јавноста со вклучување на експерти, кој ќе утврди ударни термини и динамика на пласирање на информациите.

2. Се ограничува влегувањето во земјата од кризните подрачја од Северна Италија само преку аеродромите во Скопје и Охрид и граничните премини на Ќафасан, Табановце, Блаце, Богородица и Деве Баир. На овие гранични премини да се засилат мерките за контрола на воздушните и сувоземните гранични премини заради намалување на ризикот од појава и ширење на коронавирусот.

Министерството за здравство во соработка со Министерството за внатрешни работи, Царинската управа и Националниот координативен центар за гранично управување да ги засили мерките за контрола на воздушните и сувоземните гранични премини заради намалување на ризикот од појава и ширење на коронавирусот.

3. Се задолжува Министерството за здравство итно да набави соодветна количина на заштитни средства (маски, ракавици, дезинфекциони средства и заштитна облека) за институциите од интегрираното гранично управување и други институции како што се Министерството за здравство и Армијата на Република Северна Македонија ако има потреба, со цел заштита на персоналот.

Бирото за јавни набавки да даде дозвола за итна набавка.

Поради итност и неодложност Владата одобри пренамена на средства во Буџетот на Министерството за здравство.

4. Се задолжува Министерството за здравство итно да набави соодветна количина на сапун и дезинфекциони средства за училиштата, детските градинки и јавните тоалети. Бирото за јавни набавки да даде дозвола бидејќи се работи за итни и неодложни потреби.

5. Се задолжуваат основните, средните училишта и универзитетите да ги одложат сите планирани патувања и екскурзии во Италија.

6. Се задолжува Министерството за образование и наука веднаш да ги задолжи училиштата да организираат еден едукативен час за превенција од коронавирусот (почесто миење на рацете и преземање мерки за хигиена).

7. Формира Кризен штаб предводен од д-р Венко Филипче, министер за здравство со вклучување на претставници од повеќе институции како што се Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Гранична служба, Царинската управа и други, со цел правовремено на едно место да се слеваат сите информации и да се носат првични одлуки кои ќе значат барања на повисоко ниво (Владата на Република Северна Македонија, Управувачки комитет за координација и управување во системот за управување со кризи) за тоа што треба да се преземе.
Кризниот штаб да извести за телефонска линија за комуникација и за електронска пошта.

8. Кризниот штаб да направи процена за видот, количината на материјали кои се потребни да се имаат во залиха, да се декларираат фирмите, фармацевтските компании и фабриките, кои што ги произведуваат количините со кои што располагаат и да им се укаже на минималната бројка односно количина која што мора да се има во државата.

9. Се препорачува на сите туристички агенции и на граѓаните да ги одложат планираните екскурзии и патувања во Италија, особено за 8 Март.

10. Се препорачува на установите за згрижување на деца од предучилишна возраст да воведат построги правила околу третманот на обувките (при влегување во градинките да се користат средства за дезинфекција на обувките).

- **Информација за спроведување на проект Мултиетнички центар за третман на деца со аутизам АДХД и Аспергеров синдром во Тетово**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на проект Мултиетнички Центар за третман на деца со аутизам АДХД и Аспергеров синдром во Тетово и притоа заклучи:

1. Се препорачува на Општина Тетово, во рок од три дена, да поднесе барање до Државното правобранителство на Република Северна Македонија за спроведување на постапка за запишување на правата на недвижностите во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, со потребната документација за недвижната ствар, согласно член 65 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

2. Се укажува на Државното правобранителство на Република Северна Македонија во рок од 10 дена од поднесувањето на барањето, до Владата да достави предлог-одлука за запишување на недвижната ствар во корист на Република Северна Македонија, согласно член 65 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

3. По завршување на овие активности, се задолжува Министерството за здравство до Владата да достави предлог-одлука за давање на користење на недвижна ствар на Здружението за грижа на лица со аутизам, АДХД и синдром на Аспергер „Во мојот свет“, а потоа да пристапи кон склучување на Меморандумот за воспоставување на соработка помеѓу Министерството за здравство, ЈЗУ Клиничка болница Тетово и Здружението за грижа на лица со аутизам, АДХД и синдром на Аспергер „Во мојот свет“.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата со Правилник за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери и Тарифник за утврдување на висина на надоместок на Комисијата за разгледување и избор за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилник за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери, со заклучок во законскиот основ за донесување на Правилникот да изостане ставот 4 (од член 22 од Законот за иновациска дејност).

Истовремено, Владата заклучи да му препорача на Фондот за иновации и технолошки развој да ја разгледа можноста за вклучување на претставници од стопанските комори во комисиите кои што одлучуваат во доделувањето на финансиски средства преку иновациски ваучери, по завршување на изборниот процес.

**Точка 2**

Владата го разгледа и го усвои Годишниот извештај за работата на Одборот на Национална рамка на квалификации за 2019 година.

**Точка 3**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки, ја усвои и го задолжи Министерството за економија да подготви и најдоцна до 30 октомври 2020 година до Владата да достави информација за текот на преговорите за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата по одржување на состанокот за ПЕМ Конвенцијата, одржан на 5-ти февруари 2020 година во Брисел и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за здравство и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, секој во својот домен, да изврши анализа на предлогот за измена на преференцијалните правила за потекло на тутун и цигари споредено со податоците за производство, извоз и цени на тутун, како и последните измени на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи и предлогот на новата Стратегија за тутун и во рок од 10 дена до Министерството за финансии-Царинска управа и до Секретаријатот за

европски прашања да достават јасни насоки за прифаќање или неприфаќање на предложените правила за потекло.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања во координација со Министерството за финансии-Царинска управа и Министерството за надворешни работи да ги координираат ставовите со DG NEAR во врска со прифаќањето на измените на ПЕМ конвенцијата.

3. Се задолжува Министерството за финансии-Царинска управа, во рок од 20 дена до Владата да достави Информација со предлог заклучок за понатамошно прифаќање или неприфаќање на ревидираните правила за потекло на ПЕМ конвенцијата.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, 17 март 2020 година, Брисел и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се определува м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, за ко-претседавач на Шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој, кој ќе се одржи на 17 март2020 година, во Брисел.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања позадинскиот материјал на англиски јазик за Шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот да го достави до Европската комисија, најдоцна до 26 февруари 2020 година.

3. Се задолжува ко-претседавачот на Шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој, кој ќе се одржи на 17 март 2020 година, во Брисел, во соработка со Секретаријатот за европски прашања, да ја утврди финалната листа на учесници на состанокот на поткомитетот и да ја испрати до Европската комисија, најдоцна од 26 февруари 2020 година.

4. Се задолжува Министерство за локална самоуправа, во координација со Секретаријатот за европски прашања, да подготви и достави материјал на македонски и англиски јазик по однос на точката 5.2 Статус за спроведување на програмите за територијална соработка и идните перспективи во програмите за транснационална соработка, најдоцна до 26 февруари 2020 година.

**Точка 7**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот за статистика на Република Македонија за периодот јуни – декември 2019 година и притоа го утврди следново мислење:

Во согласност со член 12 од Законот за државната статистика, Советот за статистика до Собранието на Република Северна Македонија поднесува Годишен извештај за својата работа. Во извештајот наведени се материјалите разгледани од страна на Советот за статистика на Република Македонија за наредниот период.

Тргнувајќи од информативниот карактер на Извештајот за работата на Советот за статистика на Република Македонија за периодот јуни – декември 2019 година, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по истиот.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 67014 за КО Маџари, на КП 1363, викано место/улица Вера Радисављевиќ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Владимир Голубовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 83679, за КО Ѓорче Петров 5 - Лепенец и Имотен лист бр. 84248, за КО Ѓорче Петров 5 - Лепенец, на КП бр. 1634 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 10**

Владата заклучи, предлогот под точката Кадровски прашања од 7-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10.2.2020 година, во делот за именување на Катерина Колозова за член на Одборот за евалуација на високото образование да не биде реализиран, а во останатиот дел Решението се смета за донесено од 10.2.2020 година.

**Точка 11**

**1.** Владата ја разгледа Информацијата за изразување Јавна заложба на Владата на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Барањето на Министерството за финансии за престанување на важење на обврската Министерството да продолжи да ја информира Владата согласно заклучоците бр.3, 13 и 19, донесени на 118-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 февруари 2019 година (бр.44-11406/1-18), Точка 45 по Информацијата со мерки за подобрување на деловното опкружување согласно препораките на извештајот „Doing Business 2019“ на Светска банка со оглед дека по истите е постапено со Информацијата за статусот на реализација на мерките за подобрување на деловното окружување согласно препораките на извештајот „Doing Business 2019“ на Светска банка бр.14-3703/1 од 137-та седница на Владата, одржана на 28 мај 2019 година.

**3.** Владата заклучи, Барањето за изменување на Заклучок од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 февруари 2020 година (бр.44-1351/1), Точка 3 по Информацијата за присуство на Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО да се разгледа на наредната седница на Владата во присуство на Едмонд Адеми, министер без ресор задолжен за дијаспора.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 17 февруари 2020 година до 23 февруари 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за

управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата заклучи:

1) Донесе Одлука за поништување на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за давање согласност на усогласениот текст на предлог на Правилникот со тарифа за користење авторски музички дела.

2) Се укажува на ЗАМП во рок од три дена да достави покани за организирање на средби за преговори со клиентите и во рок од 30 дена да ја информира Владата за исходот од преговарачкиот процес.
Доколку нема заеднички прифатливи решенија Владата повторно да ја разгледа можноста за поништување на Тарифникот на ЗАМП.

**6.** Владата го симна од Дневен ред Барањето за исплата на месечен надоместок, доставено од Комисијата за оценување на условите по однос на простор, опрема и кадар за добивање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели.

**7.** Влада ги задолжи Државниот инспекторат за техничка инспекција и Државниот пазарен инспекторат, да подготват и за наредната седница до Владата да достават информација во врска со извршени контроли за безбедноста на плинските уреди, плинските боци и други производи од овој тип што се продаваат на нашиот пазар, фирмите кои што се занимаваат со таа дејност, дали истите имаат лиценци за тоа, извршени контроли во овие фирми (со начин на контрола) и др.

**8.** Владата констатираше дека м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи не присуствуваше на денешната седница на Владата и не предложи решение во однос на актуелната состојба и проблемот со издавање на патни исправи.

**9.** Во врска со одбележувањето на 16-годишнината од смртта на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија Борис Трајковски, Владата заклучи:

1) Се задолжува Министерството за надворешни работи, во координација со Меѓународната фондација Борис Трајковски, да преземе протоколарни активности во врска со настанот за одбележување на 16-годишнината од смртта на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија, Борис Трајковски и да назначи офицери за врска за делегациите.

2) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе потребните безбедносни мерки.

3) Се задолжува Министерството за одбрана, по повод настанот за одбележување на 16-годишнината од смртта на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија, Борис Трајковски, да обезбеди двајца претставници на Гардата на АРМ за положување на цвеќе.

4) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди: службени возила за лицата членови на Делегацијата, црвени патеки, знамиња, носачи на венец и еден венец за Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија.

5) На одбележувањето на 16-годишнината од авионската несреќа кај Ротимље, Мостар, Босна и Херцеговина, на овогодинешното одбележување на 26 февруари 2020 година, да присуствуваат следниве делегации:

а) во Струмица:

- м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски
- Елизабета Наумовска, заменик на министерот за образование и наука
- Кирил Парталов, државен секретар во Министерството за локална самоуправа, кои ќе положат свежо цвеќе на споменикот на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија, Борис Трајковски .

б) во Бутел – Скопје:
- Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација
- д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, кои ќе положат свежо цвеќе на гробот поранешниот Претседател на Република Северна Македонија, Борис Трајковски.

**10.** Влада заклучи да го измени заклучокот од Точка 104 (прашања и предлози), од Седмата седница на Владата, одржана на 10 февруари, а во врска со владината делегација по повод одбележувањето на годишнината од загинувањето на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија, Борис Трајковски кај Ротимље, Мостар, Босна и Херцеговина, и тоа, на одбележувањето кое ќе се одржи на 26 февруари 2020 година, наместо Горан Милевски, министер за локална самоуправа, да присуствува Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

Истовремено, Владата, согласно Барањето на Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора заклучи трошоците по повод одбележувањето на годишнината од загинувањето на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија, Борис Трајковски кај Ротимље, Мостар, Босна и Херцеговина, кое ќе се одржи на 26 февруари 2020 година да бидат на товар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија."

**11.** Владата ги разгледа барањата од Министерството за култура за престанување на важење на заклучоци, донесени на седница на Владата на Република Северна Македонија, доставени под бр.33-2453/1 од 20.2.2020 година и бр.18-2539/1 од 21.2.2020 година и ги донесе следните заклучоци:

- да престане да важи Заклучокот донесен по точка Прашања и предлози од 211-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 јуни 2014 година, со кој се задолжува Министерството за култура до Владата да доставува информации во врска со реализацијата на Проектот - Создавање виртуелен театарски музеј во МНТ и негова промоција во координативен центар за дигитализација во регионот и во Европа, со оглед дека Проектот веќе не е актуелен.

- да престане да важи Заклучокот донесен по точка Прашања и предлози од 210-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 јуни 2014 година, со кој се задолжува Министерството за култура до Владата да доставува информации за реализација на проектот „Слободен четврток".

**12.** По повод укажувањето на Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, а во врска со потпишувањето на Одлуката за измена на Протоколот Ц и правниот акт во форма на Предлог-одлука за натамошна либерализација на трговијата со земјоделско-прехранбените производи, по Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Украина, дали има законски пречки за нивно потпишување на усогласениот термин на 12 март 2020 година во Киев, Украина, Владата заклучи:

- Нема законски пречки Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како ко-претседател на Мешовитиот комитет за следење на спроведување на Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Украина во договорениот термин да ги потпише предлог-текстот на Одлуката за измена на Протоколот Ц и правниот акт во форма на Предлог-одлука за натамошна либерализација на трговијата со земјоделско-прехранбените производи по Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Украина, усогласени со украинската страна, што ќе биде во рамките на мандатот даден согласно Заклучоците од 82-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 31 август 2018 година, точка 136.

**Точка 12**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Државниот испитен центар за 2019 година, со Финансиски извештај за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, во периодот од 1 октомври до 31 декември 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 14**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Централниот регистар на Република Северна Македонија, за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 15**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за реализацијата на кредитната линија за микро, мали и средни претпријатија со дејност од областа на земјоделство (кредити од компензациони фондови), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за финансии да се обрати до Министерството за надворешни работи со цел давање согласност за потпишување на Анекс кон Договорот за компензационите фондови за пренесување на надлежноста за управување и располагање со дел од средствата во износ од 6.000.000,00 евра на Фондот за иновации и технолошки развој.

**Точка 16**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), структурата по банки - учеснички, како и состојбата на салдото, со дополнувањето, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Развојната банка на Северна Македонија по завршувањето на парламентарните избори во 2020 година да предложи измена на условите за кредитирање со цел да се интензивира искористеноста на расположливите средства од наведената кредитна линија.

**Точка 17**

Владата го разгледа Годишниот извештај за реализација на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 18**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈП за водостопанство Лисиче-Велес, за периодот октомври-декември 2019 година, како материјал за информирање.

Исто така, Владата согласно мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање, му препорача на ЈП за водостопанство Лисиче-Велес да преземе мерки и активности за надминување (покривање) на загубата, подмирување на обврските и наплата на побарувањата кои се настанати во изминатиот период.

**Точка 19**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-Берза - Скопје за периодот октомври-декември 2019 година, со дополнувањето кон него, како материјал за информирање.

Исто така, согласно мислењето на Министерството за финансии, Владата му препорача на ЈП за берзанско работење Агро-Берза - Скопје во иднина да презема мерки за зголемување на приходите од дејноста и рационално искористување на средствата, преку намалување на непродуктивните расходи.

**Точка 20**

Владата го разгледа Извештајот за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 21**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Мешовитиот комитет на ЦЕФТА во 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 22**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Извештајот за реализација на програмата за субвенционирање на дел од трошоците за купување и вградување на уред за погон на тнг, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата за 2019 година, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска

политика, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Министерството за финансии.

**Точка 23**

Владата го разгледа Извештајот со финансиски показатели за реализирани буџетски средства предвидени со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектни документации за 2019 година во Република Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 24**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог - одлуката за основање на Културно-информативен центар на Република Северна Македонија во Република Албанија, со оглед на тоа што Министерството за култура нема обезбедено средства за оваа намена.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за оставинската постапка на оставителот Есма Реџепова Теодосиевска од Скопје и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за култура да достави барање до Државно правобранителство на Република Северна Македонија за доставување на извештај за постапување по предметите кои ги води по Тестаментот ОДУ бр.194 од 2.2.2015 година и по постапката која се води пред Основниот граѓански суд Скопје под бр. 40 П1-225/2019 при тоа доставувајќи ја Информацијата од овој Заклучок и укажувајќи на потребата Државно правобранителство на Република Северна Македонија да ги има предвид наводите содржани во истата.

**Точка 26**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за Стратегија за реформа на даночниот систем (2020 – 2023).

*

*      *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:20 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски** **Оливер Спасовски**